ПРВА СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

# „СОЦИЈАЛНА СТАБИЛНОСТ, ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА“

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет

Државен Универзитет во Тетово, Правен факултет

Правниот факултет при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово, со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, отвораат повик за студенти за доставување на трудови за Првата научна конференција (наменета за студенти на правните факултети): **„Социјална стабилност, владеење на правото и не-дискриминација“**, која за првпат ќе се одржи на Државниот Универзитет во Тетово на **3 октомври 2016 година**.

Ги покануваме сите студенти на додипломски студии на правните факултети да учествуваат преку споделување на свои истражувања, идеи и размислувања на различни теми од областа на правото, политичките науки, социологијата, медиумите и комуникацијата (кои се поврзани со социјалната стабилност, не-дискриминацијата и владеењето на правото).

Студентите може да истражуваат на теми кои се однесуваат на:

- Заштита на човековите права во глобалното општество;
- Говор на омраза и медиуми;
- Права на етничките и националните малцинства;
- Наметнување на родови улоги;
- Дискриминација во работните односи;
- Социјалната стабилност во мултикултурното општество;
- Репрезентативност на политичката сцена;
- Слобода на изразување на национално ниво;
- Правна рамка за родова рамноправност;
- Лицата со попреченост и пристапот до правда;
- Дискриминација врз основа на национална припадност;
- Криминал од омраза и маргинализирани групи;
- Дискриминација на пазарот на трудот;
- Владеење на правото – меѓународни документи, пракса;
- (Не)дискриминација и сиромаштија;
- Дискриминација базирана на сексуална ориентација и родов идентитет.

## Важни датуми

**Поднесување на апстракти:** 20 септември 2016 година (не повеќе од 250 зборови)

**Известување за прифаќање:** 26 септември 2016 година

**Поднесување на целите трудови:** 26 март 2017 година

## Јазици

**Македонски, албански и англиски јазик**

## Дополнителни информации

- **Трудовите од конференцијата ќе бидат публикувани во меѓународното научно списание STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL наменето за студентите од прв, втор и трет циклус на студии ;**

- **Доколку апстрактите се доставени на македонски или албански јазик, покрај избраниот јазик треба да бидат доставени и на англиски јазик;**

- **Еден автор може да достави само еден труд, а како коавтор може да се јави во друг труд.**

## Контакт

**Апстрактите и трудовите треба да се доставаат на studentconference16@gmail.com**

**За сите дополнителни прашања Ви стоиме на располагање.**

**Правилник за изработка на научен труд**

***1. Структурата на научниот труд треба да ги содржи следниве елементи:***

- Наслов, истиот да е напишан со големи букви, **болд**, 12;

- Име и презиме на авторот т.е коавторите, **болд** 12;

- Апстракт (Abstract), истиот да е напишан на македонски и англиски јазик, т.е албански и англиски јазик (секој поединечно да не содржи повеќе од 250 зборови);

- Клучни зборови (Key words), 3-5 клучни зборови кои не се содржани во насловот;

- Вовед;

- Материјал и методи на работа;

- Резултати;

- Заклучок (Concluding remarks);

- Литература;

***2. Подготвување на ракописот***

Ракописот треба да биде изготвен во согласност со следниве правила: ракописот да биде напишан на македонски, албански или англиски јазик во MS Word, на A4 формат, со употреба на Arial со MK поддршка за кирилично писмо, AL поддршка за латинично писмо, и со EN поддршка за латинично писмо, со фонт "12", проред (1,5) со порамнување лево и десно (Justify) низ целиот документ и маргини: долу, горе, лево и десно (2,54 cm) и нумерирање на секоја страна.

***3. Цитирање на литература***

***(APA Style)***

***За книга:***

Фаркаш, Л.., & Петровски, С. (2012). Прирачник за обука на судии за анти-дискриминација. Скопје: Скенпоинт.

ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права, & Мисија на ОБСЕ во Скопје. (2014). Разбирање на криминалот од омраза (ревидирано издание). Скопје: Скенпоинт.

*За поглавје од книга:*

Попоска, Ж. Стереотипите и предрасудите како причина за дискриминациските практики – осврт на судската практика на Европскиот суд за човекови права, во публикацијата 16 ноември – Меѓународен ден на толеранцијата (избрани текстови). Скопје: Полиестердеј, 45-60.

*За списанија:*

Попоска, Ж. (2013). Пристапувањето на Европската унија кон Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Списание за европски прашања 'Евродијалог' том 18, 38-50.

*За зборници:*

Петрова, Т. (2015). Повеќекратна дискриминација. Зборник. Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, V, 225-236.

*За презентација од конференција или научен собир:*

Димитровски, Д., Стафи лов, Б., Миравчиевска, В. (2004). Органско производство на растителни семиња. VIII$^{\text{ми}}$ симпозиум по агроиндустрија, Велика Плана, Србија и Црна Гора, Деловник, 252-259.

*За дневен печат:*

Талески, Б. (2008, март 15). Тотален менаџмент во управувањето со информатичката мрежа во Инфосервис. Бизнис, стр. 8.

*За енциклопедија:*

Стургон, Т. (1995). Научна фантастика. Енциклопедија Американа (том 24, стр. 390-392). Дабури, ЦТ: Гролие.

*За интернет страница:*

Организација за безбедност и соработка во Европа. Заедничка борба против криминалот од омраза. Преземено на 4 март 2016 г. www.osce.org

Еден празен проред да се остави по секое ново поглавје. Да не се остава проред помеѓу насловот и текстот на поглавјето!

Трудот да не содржи повеќе од 3000 зборови.